


## Во СДСМ владее тотална шизофренија, полека се разобличува мафијашкиот сојуз на власта и криминалот

**Реакција на прес конференцијата на Мартин Костовски**

ВМРО-ДПМНЕ и Христијан Мицкоски не го штитат СДСМ и Зоран Заев кои се симболот на криминалот во Македонија, а и пошироко. Напротив криминалот на оваа власт ќе биде разобличен. Толку за обвинувањата на СДСМ.

Во СДСМ и власта на Заев владее тотална шизофренија. На виделина излегоа крупни скандали кои покажуваат дека токму власта на Заев и лично семејството на Заев се

тесно поврзани со трговија со дрога, со штанцање официјални документи на белосветски криминалци и мафијаши и никој повеќе не верува во Македонија дека тоа не е правено со амин на највисоките структури на власта.

Единствено кое е саботирано во моментот е нарко - системот и криминалната мрежа. Лица кои издавале пасоши на нарко - мафијаши се блиски луѓе на Спасовски и тоа е само дел од сантата мраз. Но тоа не е се, лице кое е уапсено со дрога вредна 800 илјади евра е началник на полициска станица назначен од Спасовски, кадар на СДСМ, а лице кое било дел од претходницата на нарко - пратката е личен шофер на братучедот на Зоран Заев.

Полека но сигурно излегува на виделина мафијашкиот сојуз на криминалот и власта и затоа се овие панични и ступидни прес конференции на СДСМ.

Одговорноста ќе ги стигне, а како што ќе доаѓа времето, така стравот и нервозата ќе растат во СДСМ и кај Заев.